СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 8 јули 1987
Скопје
Број 28 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 300 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

530.

Врз основа на член 440 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се усвојува Предлогот на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

2. Се задолжува Комисијата за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да изготви Нацрт на акт за измена на Уставот и да му го поднесе на Собранието.

3. Оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2164/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

531.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО

Се прогласува Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на изградба на системот за заштита на Дојранското Езеро,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седниците на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините одржани на 29 јуни 1987 година.

Бр. 08-2145/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Драгољуб Ставрев, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

З А К О Н

ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО

Член 1

Со овој закон се обезбедуваат средства за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на изградба на системот за заштита на Дојранското Езеро.

Член 2

Социјалистичка Република Македонија учествува во финансирањето на изградбата на системот за заштита утврден во Програмата за заштита на Дојранското Езеро од отпадни и загадени води со средства во износ од 1.200.000.000 динари, што се обезбедуваат во Републичкиот буџет и ќе се пренесуваат на Собранието на општина Гевгелија.

Член 3

Со средствата на Републиката од член 2 на овој закон и средствата на општината ќе се обезбеди изградба на: колектор; ревизиони односно приклучни шахти; пумпни станици; пречистителна станица; потисен цевовод и гравитационен одвод, како и електротехнички и други работи утврдени со проект.

Член 4

Заради обезбедување на динамиката на остварување на приливот на приходите во Републичкиот буџет, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија може да користи позајмици.

Член 5

За наменско и рационално користење на средствата од член 2 на овој закон ќе се грижи Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и за текот на работите ќе го информира Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

532.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1987 ГОДИНА

Се прогласуваат Измените на Републичкиот буџет за 1987 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги донесе на седниците на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 29 јуни 1987 година.

Бр. 08-2144/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Драгољуб Ставрев, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

И З М Е Н И

НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Во Републичкиот буџет за 1987 година („Службен весник на СРМ“ број 45/86), во член 1 став 1 износот „58.960.000.000“ се заменува со износот „88.717.155.000“ и во точка 1) износот „39.354.000.000“ се заменува со износот „69.111.155.000“.

Во став 2 алинеја 1 износот „58.700.000.000“ се заменува со износот „88.457.155.000“.

Член 2

Во член 2 — Биланс на приходите и расходите на Републичкиот буџет за 1987 година во оддел I — Приходи точка 1. Непосредни изворни приходи група 71 — Приходи од даноци од доход на ОЗТ конто 710 — Данок од доход на ОЗТ на двете места и во ставката се група 71 износот „8.996.000.000“ се заменува со износот „9.900.000.000“; во групата 73 — Приходи од даноци на промет на производи и услуги и од даноци на промет на недвижности и права се додава нов реден број 5 и конто 730 кој гласи: „730 Основен данок на промет на производи“ со износ на контото „22.712.000.000“; во конто 731 — Посебен републички данок на промет на производи износот на контото „15.504.000.000“се заменува со износот „21.645.155.000“ износот на групата 15.504.000.000 и во ставката се група 73 износот „15.504.000.000“ се заменува со износот „44.357.155.000“, во ставката Вкупно непосредни — изворни приходи износот „39.354.000.000“ се заменува со износот „69.111.155.000“; во ставката Вкупно приходи (од 71 до 78) износот „58.960.000.000“ се заменува со износот „88.717.155.000“.

Досегашните редни броеви од 5 до 10 стануваат редни броеви од 6 до 11.

Во оддел II — Расходи — Распоред на приходите група 43 — Средства за поттикнување на развојот за интервенции во стопанството и поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја на контото 431 — Компензации, регреси и надоместоци износот „1.650.000.000“ се заменува со износот „3.250.000.000“, а на контото 435 — Средства за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја надвор од територијата на ОПЗ износот на групата и во ставката се група 43 износот „7.206.800.000“ се заменува со износот „8.806.800.000“; во групата 44 — Пренесени средства на други ОПЗ се додава нов реден број 26 и конто 440 кој гласи: „440 Придонес за буџетот на Федерацијата“ со износ на контото „28.157.155.000“ и износ на групата „29.569.155.000“; во конто 445 — Дополнителни средства за буџетот на општините износот на групата и во ставката се група 44 износот „1.412.000.000“ се заменува со износот „29.569.155.000“.

Досегашните редни броеви од 11 до 24 стануваат редни броеви од 12 до 25, а редните броеви од 25 до 37 стануваат редни броеви од 26 до 39.

Член 3

Во член 3 износот „58.960 000 000“ се заменува со износот „88.717.155.000“.

1. Во Раздел 63 — Други обврски на Републиката, се додава нова позиција 558 конто 433 — Регрес на дел од трошоците по основ на камати на кредитите за намените во рамките на селективната програма во земјоделството со износ на контото 1.600.000.000.

Во ставката Вкупно Раздел 63 во заградата бројот 570 се заменува со бројот 571 и износот на основната намена „20.588.585.000“ се заменува со износот „22.188.585.000“.

Досегашните позиции од 558 до 570 стануваат позиции од 559 до 571.

2. Во Раздел 64 — Средства за финансирање на други општествено-политички заедници, се додава нова позиција 572 конто 440 — Придонес за буџетот на Федерацијата, со износ на контото и на основната намена од 28.157.155 000. Во ставката Вкупно Раздел 64 во заградата бројот 571 се заменува со бројот 572, а бројот 583 се заменува со бројот 585 и износот на основната намена „1.412.000.000“ се заменува со износот „29.569.155.000“.

Досегашните позиции од 571 до 583 стануваат позиции од 573 до 585.

Член 4

Овие измени влегуваат во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

533.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита на животните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 29 јуни 1987 година.

Бр. 08-2162/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Драгољуб Ставрев, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ

Член 1

Во Законот за здравствената заштита на животните („Службен весник на СРМ“ број 30/77, 39/77 и 41/78) во член 78 став 1 бројот „10.000“ се заменува со бројот „1.000.000“, а бројот „50.000“ се заменува со бројот „5.000.000“.

Во став 2 бројот „1.000“ се заменува со бројот „10.000“, а бројот „6.000“ се заменува со бројот „60.000“.

Член 2

Во член 79 став 1 бројот „2.000“ се заменува со бројот „20.000“, а бројот „30.000“ се заменува со бројот „300.000“.

Во став 2 бројот „500“ се заменува со бројот „5.000“, а бројот „5.000“, се заменува со бројот „50.000“.

Член 3

Во член 80 став 1 бројот „1.000“ се заменува со бројот „10.000“, а бројот „10.000“ се заменува со бројот „100.000“.

Во став 2 бројот „300“ се заменува со бројот „3.000, а бројот „3.000“ се заменува со бројот „30.000“.

Член 4

Во член 81 став 1 бројот „500“ се заменува со бројот „5.000“, бројот „10.000“ се заменува со бројот „50.000“, а зборовите: „поединец кој“ се заменува со зборовите: „физичко лице ако“.

Став 2 се менува и гласи:

„За прекршокот од точките 1 и 2 на став 1 од овој член покрај паричната казна може да се изрече и казна затвор во траење до 30 дена“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

534.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАСИШТАТА И УТРИНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за управување и користење на пасиштата и утриниte,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 29 јуни 1987 година.

Бр. 08-2161/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Драгољуб Ставрев, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАСИШТАТА И УТРИНИТЕ

Член 1

Во Законот за управување и користење на пасиштата и утриниte („Службен весник на СРМ“ број 20/74) во член 33 став 1 бројот „3.000“ се заменува со бројот „25.000“, а бројот „20.000“ се заменува со бројот „2.000.000“.

Во став 2 бројот „500“ се заменува со бројот „5.000“, а бројот „1.000“ се заменува со бројот „30.000“.

Член 2

Во член 34 бројот „1.000“ се заменува со бројот „10.000“, а бројот „5.000“ се заменува со бројот „60.000“.

Член 3

Во член 35 став 1 бројот „1.000“ се заменува со бројот „30.000“, а бројот „5.000“ се заменува со бројот „50.000“, по зборот „прекршок“ се додава зборот „физичко“.

Став 2 се брише.

Член 4

По член 35 се додава нов член 35-а кој гласи:

„Член 35а

Со парична казна од 5.000 до 120.000 ќе се казни поединец во вршење на самостојна дејност ако правото на користење на пасиштето го отстапува на друга организација или друго лице (член 29)“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

535.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за земјоделската инспекција,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 29 јуни 1987 година.

Бр. 08-2160/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Драгољуб Ставрев, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за земјоделската инопекција („Службен весник на СРМ“ број 39/77), во член 22 став 1 бројот „2.000“ се заменува со бројот „20.000“, а бројот „50.000“ се заменува со бројот „200.000“.

Во став 2 бројот „1.000“ се заменува со бројот „10.000“, а бројот „6.000“ се заменува со бројот „50.000“.

Член 2

Во член 23 бројот „1.000“ се заменува со бројот „15.000“, а бројот „10.000“ се заменува со бројот „100.000“.

Член 3

Во член 24 бројот „500“ се заменува со бројот „10.000“, а бројот „10.000“ се заменува со бројот „60.000“.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

536.

Врз основа на член 71 и 72 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 1 јули 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТАВОТ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИОНИ И КАДРОВСКИ ПРАШАЊА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Во делот III, точка 2 од Одлуката за составот и за именување претседател и членови на Комисијата

за организациони и кадровски прашања на Претседателството на СРМ („Службен весник на СРМ“ број 19/80) се вршат следните измени:

1. Илија Беличанец се разрешува од член на Комисијата за организациони и кадровски прашања на Претседателството на СРМ

2. За нов член на Комисијата за организациони и кадровски прашања на Претседателството на СРМ се именува

— Трајче Нацевски, секретар на Советот на Републиката.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-542
1 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Драгољуб Ставрев, с. р.

537.

Врз основа на член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“ број 15/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 29 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УПОТРЕБА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА ШТО СЕ ПЛАЌААТ ЗА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за определување на висината и начинот на плаќање на надоместоците за употреба на јавните патишта што се плаќаат за моторни и приклучни возила, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, на седницата одржана на 29 мај 1987 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2143/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
Илија Глигороски, с. р.

538.

Врз основа на член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“ број 15/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 29 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТ ЗА УПОТРЕБА НА ДЕЛНИЦИТЕ ОД АВТОПАТОТ КУМАНОВО — ТИТОВ ВЕЛЕС

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на делниците од автопатот Куманово — Титов Велес, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, на седницата одржана на 29 мај 1987 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2142/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
Илија Глигороски, с. р.

539.

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 72 став 1 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 29 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ БРОЈОТ НА СУДИИТЕ ВО ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА, ОКРУЖНИТЕ СУДОВИ, СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА И ОКРУЖНИТЕ СТОПАНСКИ СУДОВИ

I

Во Одлуката за утврдување бројот на судиите во Врховниот суд на Македонија, окружните судови, Стопанскиот суд на Македонија и окружните стопански судови („Службен весник на СРМ“ број 38/83 и 35/86), во дел I точка 1 бројот „19“ се заменува со бројот „20“, во дел II точка 2 бројот „31“ се заменува со бројот „32“ и во точка 4 бројот „5“ се заменува со бројот „6“.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2157/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Петар Карајанов, с. р.

540.

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 41 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 41/75, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 29 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ БРОЈОТ НА СУДИИТЕ ВО СУДОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

I

Бројот на судиите во судовите на здружениот труд во Социјалистичка Република Македонија, вклу-

чувајќи го и претседателот на судот, се определуваат и тоа:

1. Во Судот на здружениот труд на Македонија:
   а) постојани судии — 9
   б) повремени судии — 180
2. Во Основниот суд на здружениот труд со седиште во Битола:
   а) постојани судии — 5
   б) повремени судии — 170
3. Во Основниот суд на здружениот труд со седиште во Скопје:
   а) постојани судии — 17
   б) повремени судии — 335
4. Во Основниот суд на здружениот труд со седиште во Штип:
   а) постојани судии — 5
   б) повремени судии — 150

II

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување бројот на судиите во судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 39/77, 13/80, 37/80, 46/82 и 24/85).

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2158/1
23 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Петар Карајанов, с. р.

541.

Врз основа на член 17-а од Законот за судовите за прекршоци („Службен весник на СРМ“ број 6/85, 13/86 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 29 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА СУДИИТЕ ВО ОПШТИНСКИТЕ СУДОВИ ЗА ПРЕКРШОЦИ

Член 1

Како критериуми за определување на бројот на судиите во општинските судови за прекршоци се утврдуваат: просечниот број на предмети што ги решава судијата, приливот, обемот и сложеноста на предметите, структурата на предметите и спроведената специјализација, ангажираноста за следење на општествените односи и појави и за извршување на други вонпредметни активности и немерливи работи, учеството на судијата во решавањето на правната проблематика на подрачјето и ангажирањето за брзо, ажурно, експедитивно, квалитетно и ефикасно извршување на функцијата.

Член 2

Со примена на критериумите од член 1 на оваа одлука во секој општински суд за прекршоци се определува најмалку еден судија, а за секое наредно место на судија треба да е обезбеден прилив, обем на работа и решавање од 1.500 до 2.000 предмети годишно.

Член 3

Врз основа на критериумите од член 2 на оваа одлука, собранието на општината надлежно за избор на судиите за прекршоци го утврдува бројот на судиите во соодветниот суд за прекршоци.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јули 1987 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2159/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Петар Карајанов, с. р.

542.

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“ број 39/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАБОТА НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „11 ОКТОМВРИ“

Се потврдува Правилникот за работа на Одборот за доделување на наградата „11 Октомври“, донесен на седницата на Одборот од 6 мај 1987 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2163/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

543.

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и на општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 42/77), а по претходно мислење на Народната банка на Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И НА ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1987 година („Службен весник на СРМ“ бр. 5/87 и 23/87), по член 9-а се додава нов член 9-б кој гласи:

„Член 9-б

Кредитот од средствата на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија пласиран во 1986 година за кредитирање на опрема за Радиотелевизија — Скопје, во износ од 184 мил. динари, Народната банка на Македонија ќе го репрограмира за истата намена со рок на враќање од 3 месеци".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1481/1
3 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

544.

Врз основа на член 34-а, став 2 од Законот за административните такси („Службен весник на СРМ" бр. 45/72, 30/72, 25/84, 31/84 и 44/85), Извршниот совет на Собранието на СРМ донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ТАКСИ ЗА ДОЗВОЛИ И ЗА ВИЗИ ШТО СЕ ИЗДАВААТ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

1. Во Одлуката за висината на такси за дозволи и за визи што се издаваат на граничните премини („Службен весник на СРМ" бр. 2/87), во точката 1, потточка 2) под а) износот „2.500", се заменува со износот „5.000" и под б) износот „1.000", се заменува со износот „2.500".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1444/1
3 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

545.

Врз основа на член 179 став 2 и 4 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/81) точка 6 и 25 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и на другите примања и надоместоци на носителите на правосудните функции, на функционерите и раководните работници во републичките органи и во општествено-политичките организации во Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 16/86), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 26 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ДРУГИ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука во согласност со заедничките основи и мерила утврдени со Општествениот договор за заедничките основи и мерила за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на носителите на правосудните функции, функционерите и раководните работници во републичките органи и во општествено-политичките организации во Републиката (во натамошниот текст: Општествен договор) се утврдуваат основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на определени материјални трошоци за функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СРМ на определено време и подлежат на повторно именување односно назначување по истекот на определеното време.

Со оваа одлука се врши и распоред на работите и задачите во групи на работи и задачи и се утврдува горната граница на вкупниот број бодови за секоја група работи и задачи.

Член 2

Личните доходи на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет, се утврдуваат согласно со вкупниот придонес што со својот тековен и минат труд го дале за остварување на работите и работните задачи во вршењето на функцијата на органот.

II. ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА БРУТО ЛИЧНИ ДОХОДИ

Член 3

Средствата за бруто лични доходи на функционерите и раководните работници се обезбедуваат во вкупен износ во рамките на вкупните средства за финансирање на работите во органот.

Член 4

Во вкупните средства за бруто лични доходи на функционерите и раководните работници се обезбедуваат средства за чисти лични доходи по основ на тековен труд и по основ на управување со општествените средства (во натамошниот текст: дел на личниот доход по основ на минат труд) и за надоместоци за лични доходи по овие основи, како и за придонесите за задоволување на заедничките потреби кои се плаќаат од бруто личните доходи во согласност со Законот како и за непосредна заедничка потрошувачка.

Усогласувањето на вкупните средства за лични доходи се врши по секоја периодична пресметка односно завршна сметка.

Член 5

Средствата за лични доходи по основ на тековен труд се утврдуваат поаѓајќи од значењето на работите и задачите кои ја сочинуваат содржината на функцијата, бројот на извршителите и од просечниот бруто личен доход на работниците по основ на тековниот труд остварен во стопанството на Републиката во претходниот периодичен пресметковен период — тримесечно.

Средствата за лични доходи по основ на минат труд во вкупните средства за лични доходи се утврдуваат по периодична пресметка, односно завршна сметка врз основа на просечно учество на овие средства во вкупните средства за бруто личен доход на работниците во стопанството во Републиката во претходниот периодичен пресметковен период — тримесечно.

Член 6

Вкупниот износ на средствата за лични доходи на функционерите и раководните работници се обезбедуваат зависно од:

— оцената на вредноста на работите и задачите што се содржина на функцијата, односно раководното место;

— оцена на вкупниот придонес што функционерот односно раководниот работник со својот тековен и минат труд го дава за остварување на функциите на органот;

— програмата за работа на органот и

— планираниот и остварениот бруто личен доход по работник во стопанството на Републиката.

Член 7

Вредноста на работите и задачите што се содржина на функцијата односно раководното место се утврдува зависно од:

— значењето на работите и задачите што се содржина на функцијата односно раководното место;

— сложеноста и обемот на работите и задачите и

— одговорност за вршењето на работите и задачите.

Вредноста на работите и задачите се изразува со бодови.

Член 8

Оценувањето на значењето на работите и задачите што се содржина на функцијата т. е. раководното место се врши зависно од:

— карактерот на работите и задачите што се содржина на функцијата, во смисла на тоа дали предимно се опфатени прашањата кои се однесуваат на изградбата и развојот на општествено-економскиот и политичкиот систем, како и други прашања од пошироко значење и прашања што се однесуваат на спроведувањето на утврдената политика и

— стручна оспособеност и искуство во вршење на работите и задачите.

Бројот на бодовите со кој се изразува значењето на работите и задачите може да изнесува најмногу до 30% од вкупниот број на бодови.

Член 9

Оценувањето на сложеноста и обемот на работите и задачите што се содржина на функцијата односно раководното место се врши зависно од:

— видот на работите и задачите и

— обемот и интензитетот на работите и задачите.

Бројот на бодовите со кој се изразува сложеноста и обемот на работите и задачите може да изнесува најмногу до 40% од вкупниот број на бодови.

Член 10

При оценувањето на одговорноста за вршење на работите и задачите се земаат предвид:

— степенот и карактерот на одговорноста за вршење на работите и задачите;

— самостојност во вршењето на работите и задачите и

— одговорност за организација и координација на работите и задачите.

Бројот на бодовите со кој се изразува одговорноста за вршење на работите и задачите може да изнесува најмногу до 30% од вкупниот број на бодови.

Член 11

Бројот на бодовите со кој се изразува вредноста на работите и задачите, во согласност со критериумите од членовите 6, 7 и 8 од оваа одлука, по групи на работи и задачи изнесува:

I група	до 3.400 бодови
II група	до 3.000 бодови
III група	до 2.700 бодови

Распоред на работите и задачите во групи и износот на бодовите се врши со посебна листа која е составен дел на оваа одлука.

Член 12

Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СРМ, го утврдува износот на бодовите за одделните функции односно раководни места во рамките на групите на работи и задачи утврдени во член 11 од оваа одлука.

Личниот доход на функционерите го определува Комисијата за кадровски и административни прашања, а на раководните работници на предлог на функционерот што раководи со органот, во согласност со основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата утврдени со оваа одлука.

Член 13

Вредноста на бодот за тековната година се утврдува најдоцна до 31 март во година, во согласност со утврдената политика за општествено-економскиот развој што се однесува на движењето на општествената и заедничката потрошувачка во Републиката.

До утврдувањето на вредноста на бодот за тековната година исплата на личните доходи се врши според вредноста на бодот во декември на претходната година.

Член 14

Вредноста на бодот се утврдува во зависност од планираниот пораст на општествениот производ и доходот и од растот на општествената продуктивност на трудот, водејќи сметка за планираното ниво и динамика на просечните лични доходи на работниците во стопанството во Републиката.

Член 15

Вредноста на бодот ја утврдува Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија врз основа на усогласениот предлог на Комисијата за следење и спроведувањето на Општествениот договор.

Член 16

Вредноста на бодот се усогласува во текот на годината тримесечно во согласност со остварениот просечен личен доход по работник во стопанството во Републиката во претходното тримесечје.

Член 17

Вкупниот износ на средствата за бруто лични доходи на функционерите и раководните работници се утврдува на крајот на годината за наредната година.

Вкупниот износ на средствата од став 1 на овој член може со одлука на Извршниот совет соодветно да се зголеми односно намали во текот на годината за која е утврден, ако битно се зголемат односно намалат работите и задачите утврдени со програмата за работа на органот.

Член 18

На функционерот односно раководниот работник му припаѓа бруто личен доход кој се утврдува според придонесот што функционерот односно раководниот работник го дал со својот тековен труд (дел на личниот доход по основ на тековен труд) и по основ на управување со општествените средства (дел на личниот доход по основ на минат труд) зависно од резултатите во работата на органот во кој функционерот, односно раководниот работник ги врши работите и задачите кои се содржина на функцијата.

Поединечниот придонес се утврдува според непосредниот придонес на функционерот-раководниот работник што тој го дал за извршување на работите и задачите утврдени со програмата за работа на органот и другите извршени работи и задачи што ќе му се доверат, во рамките на вкупните средства за лични доходи на органот утврдени со општиот акт на органот.

Член 19

Делот на личниот доход врз основа на тековниот труд се утврдува зависно од општественото значење, сложеноста, обемот и одговорноста за нивното вршење во смисла на членовите 8, 9 и 10 на оваа одлука и работното искуство.

Работното искуство на функционерот односно раководниот работник се вреднува така што месечната аконтација на личниот доход по основ на тековен труд се зголемува за 0,5% за секоја година на пензиски стаж во рамките на вкупните средства за лични доходи по другите основи на тековен труд, а најмногу до 20%.

Член 20

Делот на личниот доход врз основа на тековен труд се утврдува зависно и од остварените резултати на функционерот-раководниот работник во извршувањето на работите и задачите утврдени со програмата за работа на органот.

Функционерот, односно раководен работник, во случај кога подолго од 3 месеца заменува отсутен функционер или раководен работник има право на разлика меѓу неговиот личен доход и личниот доход на отсутниот функционер или раководен работник или право на награда доколку неговиот личен доход е ист или повисок од износот на личниот доход на лицето што го заменува.

За правото од став 2 одлучува Комисијата за кадровски и административни прашања.

Член 21

Личниот доход на функционерот односно раководниот работник по основ на минат труд во рамките на вкупните средства за лични доходи по овој основ се утврдува врз основа на придонесот што функционерот односно раководниот работник го дал во извршувањето на работите и задачите утврдени со програмата за работа на органот во кој ја врши функцијата, неговиот остварен личен доход по основ на тековен труд како и другите мерки утврдени со општиот акт на органот.

ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ

Член 22

Личниот доход на функционерот односно раководниот работник по основ на тековен труд се исплатува во текот на годината како месечна аконтација и се усогласува со оствареният бруто личен доход по основ на тековен труд на работниците во стопанството на Републиката во претходниот месец (претходниот периодичен пресметковен период — тримесечно) врз основа на податоците добиени од Републичкиот завод за статистика.

Привремената и конечната пресметка на личниот доход по основ на тековен труд се утврдува по секој периодичен пресметковен период — тримесечно и по завршната сметка.

Личниот доход на функционерот — односно раководниот работник по основ на минат труд се исплатува по периодичната пресметка и завршната сметка во согласност со основите и мерилата од член 5 став 2, а врз основа на податоците на Службата за општествено книговодство во СР Македонија за оствареният личен доход по основ на минат труд на работниците во стопанството на Републиката за претходниот периодичен пресметковен период — тримесечно.

Член 23

Личниот доход конечно се утврдува по истек на годината, врз основа на оцената за поединечниот придонес на функционерот и раководниот работник во извршувањето на работите и задачите.

При оценувањето на резултатите од трудот на функционерот и раководниот работник, заради конечното утврдување на неговиот личен доход, се земаат предвид особено елементите што не биле разгледувани при утврдувањето на вредноста на работите и задачите што се содржина на функцијата односно раководното место (посебниот творечки придонес во извршувањето на работите и задачите и др.).

Член 24

Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СРМ ќе го утврди бројот на бодовите со кој се изразува вредноста на одделните работи и задачи, висината на личниот доход по основ на тековен труд, делот по основ на минат труд и делот по основ на поединечниот придонес.

Член 25

Оцената на поединечниот придонес во извршувањето на програмата за работа на органот, извршувањето на работите и задачите и резултатите од работата на функционерите и раководните работници ја дава Извршниот совет на Собранието на СРМ.

Член 26

Поединечни решенија за личниот доход донесува Комисијата за кадровски и административни прашања.

IV. ДРУГИ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА ОПРЕДЕЛЕНИ МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Член 27

Функционерот, односно раководниот работник има право на следниве примања и надоместоци:

1. Дневницата за службено патување во земјата без трошоците за ноќевање се утврдува во висина до 8% од просечниот личен доход по работник во стопанството на СФРЈ исплатен во претходниот периодичен пресметковен период, со тоа што трошоците за ноќевање се признаваат во полн износ врз основа на приложена сметка, со исклучок на хотел „де лух“, категорија.

Дневниците за службено патување во странство се определуваат со пропис на надлежниот орган на општествено-политичката заедница врз основа на законот;

2. Надоместок на трошоците за користење на сопствено возило за службени потреби во износ од 30% од продажната цена на 1 литар бензин за возилото што се користи за поминат километар;

3. Надоместок за одвоен живот од семејството во износ до 70% од просечниот месечен личен доход по работник исплатен во претходниот периодичен пресметковен период во стопанството на Републиката, но не повеќе од износот што го дава просечниот личен доход по работник остварен во стопанството на Републиката под условите пропишани со општиот акт на органот;

4. Надоместокот за селидбени трошоци при засновање на работен однос, преместување на работа, враќање на работа во поранешното место на живеење или по престанување на работниот однос до местото на преселување, вклучувајќи ги трошоците за превоз на членовите на семејството кои живеат, според вистинските трошоци, врз основа на документацијата за исплата на селидбените, односно трошоците за превоз,

5. Надоместок за користење на годишен одмор во износ до 60% од просечниот чист личен доход на работниците исплатен во стопанството на СРМ односно СФРЈ во претходната година и во тој износ да се засметува и регресирањето на цената на пансионите и цените на одморалиштата;

6. Надоместокот за трошоците за превоз во градскиот сообраќај до работното место и обратно, и надоместокот на трошоците за општествена исхрана под услови и во износи утврдени за работниците во работната заедница на органот;

7. Отпремнината при одење во пензија изнесува до висината на трикратен износ на просечниот месечен чист личен доход по работник во стопанството на Републиката или СФРЈ исплатен по претходната периодична пресметка односно завршна сметка;

8. Надоместокот на трошоците за превоз заради посета на семејството од функционерот односно раководниот работник кое живее одвоено, до четири патувања месечно (со брз воз или автобус) со поднесување сметка за трошоците за превоз;

9. Надоместок на личен доход за време на првите 30 дена на привремена спреченост за работа (боледување) во износ од 90% од просечниот личен доход на функционерот односно раководниот работник остварен во претходните три месеци и

10. Надоместок на трошоците во случај на смрт на функционерот-раководниот работник во висина на два последни месечни лични доходи на умрениот.

Член 28

На функционерот односно раководниот работник може да му се исплатуваат и други надоместоци (помош во случај на подолга и потешка болест на функционерот-раководниот работник или подолга односно потешка болест или смрт на член на потесното семејство кој не остварува личен доход, пензија или други примања, случај на елементарни непогоди или пожари кои предизвикале штета врз имотите на потесното семејство, право на колективно осигурување

со средства на органот) под услови и износи утврдени за работниците во работната заедница на органот.

Член 29

На функционерот, односно раководниот работник му припаѓа надомест на личен доход за време на: празниците, користење на годишен одмор, отсуство поради бременост и породување, отсуство поради нега на дете, воена вежба, оспособување и обука за одбрана и заштита, учество во територијална одбрана и цивилна заштита, јавување на покани од воени и други органи до кои е дојдено без вина на функционерот и вршење на јавни функции.

Член 30

Висината на одделните надоместоци што ја утврдува Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се утврдува согласно со усогласениот став на Комисијата за следење на ОД за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и другите примања и надоместоци на функционерите во Републичките органи и органите на општествено-политичките организации во Републиката.

Член 31

Функционерот и раководниот работник, другите примања и надоместоци на определени материјални трошоци по основ на работниот однос што не се опфатени со оваа одлука, ги остваруваат според заедничките основи и мерила, во случаите и под условите утврдени за работниците во работната заедница.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Со донесувањето на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за основите и мерилата за утврдување и усогласување на личните доходи и надоместоците на функционерите и работниците што ги именува Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 19/78, 15/80, 19/82, 10/83 и 17/84).

Член 33

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јули 1987 година.

Бр. 17-1493/1
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

ИЗВРШЕН СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

ЛИСТА НА РАБОТИ И ЗАДАЧИ ПО ГРУПИ

ПРВА ГРУПА — од 3.000 до 3.400 бода

— секретар на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет, директор на Републичкиот завод за статистика — 3.400 бода
— директор на Републичкиот хидрометеоролошки завод, директор на Архивот на Македонија — 3.300 бода
— републички советник — од 3.000 до 3.300 бода
— директор на републичката геодетска управа, директор на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот, директор на Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка, потсекретар за државна безбедност, потсекретар за јавна безбедност — 3.200 бода
— директор на Управата за заеднички работи на Извршниот совет, началник на Бирото на претставки и предлози во ИС, секретар на Советот за истражувачки работи во рударството — 3.100 бода

ВТОРА ГРУПА — од 2.700 до 3.000 бода

— заменик на секретарот на ИС, директор на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита, управник на КПД — Идризово, директор на Дирекцијата за републички стоковни резерви, потсекретар во Републичкиот секретаријат за народна одбрана, внатрешни работи и финансии — 3.000 бода
— виши советник — од 2.900 до 3.000 бода
— директор на управа за прашања на борците и воените инвалиди, директор на Управата за водостопанство, директор на Управата за наменско производство, главен републички инспектор, претседател на колегијален орган на управа (комисија, совет и др.) потсекретар во републички орган на управа, републичка организација во ИС и во Стручна служба на ИД, заменик на функционер што раководи со републички орган на управа и републичка организација (РЗ за статистика, Архив на Македонија и др.) помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи, народна одбрана и финансии — 2.900 бода
— самостоен советник — од 2.800 до 2.900 бода
— директор на Управата за имотно правни работи и Управата за приходи, капетан на Капетанијата на пристаништата, директор на Управата за ветеринарна служба, управник на ВПД — Тетово, управник на ВПД од отворен вид во Струга, заменик на директорот што раководи со републички орган на управа во состав на републички секретаријат односно комитет, помошник на: републички секретар, претседател на републички комитет и комисија, во Извршниот совет, на функционер што раководи со републички орган на управа, републичка организација, заедничка и др. стручна служба на ИС и со орган на управа во состав, заменик на главен републички инспектор — од 2.700 до 2.800 бода

ТРЕТА ГРУПА	од 2.300 до 2.700 бода
— советник во ИС и на функционер што раководи со републички орган на управа, републичка организација, заедничка и друга стручна служба на ИС и со орган на управа во состав	
— началник на Бирото на секретарот на ИС и на Одделението за информативно-документарна дејност на ИС и секретар на работно тело на ИС — самостоен советник	од 2.300 до 2.700 бода

546.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 10 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ членовите 25, 26, 27, 28, 30 и 31 од Правилникот за основите и мерилата за здобивање и распоредување на доходот и за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, донесен од Работната заедница на органите на управата на Собранието на општина Прилеп, со референдум одржан на 14 мај 1986 година и точките 15 и 16 под II од Ранг-листата на работите и работните задачи, составен дел на овој правилник, во делот во кој работите и работните задачи инспектор на трудот со виша и висока стручна подготовка по основите одговорност и услови за работа различно се вреднуваат.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Работната заедница на органите на управата на Собранието на општината Прилеп на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка, со решение У. бр. 167/86 од 6 мај 1987 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од Правилникот означен во точката 1 на оваа одлука. Постапката беше поведена затоа што Судот утврди дека со тие одредби работите и работните задачи инспектор на трудот со висока и со виша стручна подготовка по основите сложеност, одговорност и работни услови различно се вреднувани, поради што се поставува прашањето за нивната согласност со уставното начело на распределба според трудот.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорените одредби работите и работните задачи инспектор на трудот со висока и со виша стручна подготовка по основите сложеност, одговорност и работни услови различно се вреднувани.

Според член 7 став 1 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на СРМ“ бр. 31/85), за инспектор на трудот во општинскиот орган на инспекцијата на трудот може да се назначи лице со висока стручна подготовка — правен, машински, градежен, електро, технолошки факултет и факултет за заштита при работа и најмалку три години работно искуство по дипломирањето. Понатаму, со член 36 од истиот закон е предвидено инспекторите на трудот кои со денот на влегувањето во сила на овој закон се во работен однос во општински орган на инспекцијата на трудот, а имаат најмалку виша стручна подготовка од електро, машинска и управна насока или виша стручна подготовка за заштита при работа и работат како инспектори на трудот, да можат и натаму да останат и да бидат назначени на тие работи и работни задачи.

Според член 22 од Уставот на СР Македонија и член 126 став 1 од Законот за здружениот труд, личниот доход на работникот се утврдува според резултатите од неговиот труд и според неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд и управувањето и стопанисувањето со општествените средства, ги дал во зголемувањето на доходот.

Од означените уставни и законски одредби произлегува дека инспектор на трудот може да биде лице со висока стручна подготовка, со тоа што само затечените лица со виша стручна подготовка на овие работи и работни задачи можат да останат како инспектори на трудот. Според тоа, Законот поаѓа од тоа дека сложеноста на работите и работните задачи на инспекторите на трудот е таква што е потребна висока стручна подготовка. Следствено на тоа, работите и работните задачи на овие инспектори по основот сложеност можат различно да се вреднуваат во зависност од степенот на стручната подготовка, т. е. инспекторот по труд со виша стручна подготовка по овој основ да добие помалку бодови. Меѓутоа, намалувањето на бодовите може да се врши само по овој основ бидејќи таквиот инспектор го нема соодветниот степен на стручна подготовка, која е еден од елементите на основот сложеност, а не и по другите основи, како што се одговорност, услови за работа и друго.

Со оглед на тоа што со членовите 25, 26, 27, 28, 30 и 31 од оспорениот правилник во означениот нивен дел и со точките 15 и 16 под II од Ранг-листата работите и работните задачи на инспекторот на трудот со виша и со висока стручна подготовка и по основите одговорност и услови за работа се различно вреднувани, Судот утврди дека оспорените одредби не се во согласност со уставното начело на распределба според трудот, утврдено во член 22 од Уставот на СР Македонија, во член 126 став 1 од Законот за здружениот труд и во член 236 од Законот за државната управа.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 167/86
10 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Димче Козаров, с. р.

547.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по јавната расправа одржана на 11 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 85 став 1 точка 3 од Статутот на Сложената организација на здружениот труд ОХИС „Наум Наумовски — Борче“ во Скопје, донесен на 9 ноември 1984 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Сложената организација на здружениот труд ОХИС „Наум Наумовски — Борче“ во Скопје, на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје, со предлог поднесен на 21 април 1987 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на став 1 точка 3 од актот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот оспорената одредба е во несогласност со уставните начела на еднаквост и за достапноста на секое работно место и функција во општеството на секого под еднакви услови, затоа што со неа како посебен услов за именување работоводен орган е предвидено кандидатите да имаат организаторски способности, а со оглед на тоа што овој услов претпоставува определено раководно работно искуство, тој има елимина-

торен карактер во однос на оние кандидати кои до тогаш немале можност да стекнат такво искуство.

4. На јавната расправа Судот утврди дека во член 85 став 1 точка 3 од означениот Статут, како посебен услов за именување работоводен орган се предвидени организаторските способности на кандидатите. Воедно, Судот утврди дека во означениот Статут не се предвидени критериуми за утврдување на организаторските способности на кандидатите, па оттука овој посебен услов се утврдува, во прв ред, врз основа на поранешното работно искуство на раководни работни задачи.

5. Според Оддел II, став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија, неприкосновената основа на положбата и улогата на човекот ја сочинуваат, меѓу другото, и еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитоста. Според член 210 став 3 од Уставот, на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството. Според член 167 во врска со член 168 од Законот за здружениот труд, секој може слободно, рамноправно и под еднакви услови да заснова работен однос, ако ги исполнува условите што работниците во организацијата на здружениот труд ќе ги утврдат според потребите на процесот на трудот, условите на трудот и работите и работните задачи, во согласност со самоуправниот општ акт и законот.

Во член 179 став 3 во врска со член 337 од Законот за здружениот труд е предвидено дека условите што работникот треба да ги исполнува за вршење на определени работни задачи, работниците ги утврдуваат со самоуправниот општ акт со кој се уредува работниот однос, односно со статутот кога се работи за работоводен орган.

Според член 121 од Уставот и член 513 од Законот за здружениот труд работоводниот орган во ОЗТ, меѓу другото, го води работењето и го организира и усогласува процесот на трудот во ОЗТ.

Во член 520 од Законот за здружениот труд како основ за разрешување на работоводниот орган е предвидено доверените работи и работни задачи да ги надминуваат неговите способности.

Од означените уставни и законски одредби произлегува дека е самоуправно право на работниците во ОЗТ со статут да ги утврдат посебните услови за именување работоводен орган. Притоа, ова самоуправно право е ограничено со барањето од член 168 од Законот за здружениот труд посебните услови да се утврдат во зависност од потребите на процесот на трудот, работните задачи и условите на трудот и со уставното начело на еднаквост, односно со барањето кандидатите да бидат во еднаква положба во поглед на исполнувањето на тие услови.

Тргнувајќи од изложеното, Судот смета дека организаторските способности можат да бидат предвидени како посебен услов за именување работоводен орган, но под услов да бидат предвидени објективни критериуми за утврдување на тие способности на кандидатите. Според мислењето на Судот, непостоењето објективизирани критериуми доведува до можност за субјективна оценка на квалитетите на кандидатите, односно за тоа дали поседуваат или не поседуваат организаторски способности.

Од тие причини, Судот смета дека со предвидувањето на организаторските способности како еден од условите за именување работоводен орган, а без поблиско определување на објективни критериуми за утврдување на тие способности, се повредуваат уставните начела на еднаквост и за достапноста на секое работно место и функција во општеството на секого под еднакви услови.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 86/87
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Димче Козаров, с. р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

196.

Врз основа на одредбите од Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 72/86) и член 63 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Извршниот одбор на Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 25 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИЧКАТА СИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Организациите на здружен труд кои за 1984, 1985 и 1986 година не го уплатиле придонесот од личен доход за основно образование во Републичката заедница за основно образование, односно чии налози за плаќање на придонесот од личен доход за Републичката заедница за основно образование чекаат за наплата, се ослободуваат од обврските за плаќање според стапката на придонес на Републичката СИЗ за основно образование утврдена за наведените години.

Член 2

Се овластува Службата на општественото книговодство да ја реализира оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 12-990/3
25 јуни 1987 година
Скопје

За претседател,
Македонка Јовиќ, с. р.

197.

Врз основа на одредбите од Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ“ број 72/86) и член 64 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Извршниот одбор на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 25 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ДОДАТОК НА ДЕЦА ВО РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Организациите на здружен труд кои во 1984, 1985 и 1986 година не здружиле средства за остварување на додаток на деца во Републичката само-

управна интересна заедница за општествена заштита на децата, односно чии налози за плаќање на придонесот чекаат за наплата, се ослободуваат од обврските за плаќање според пресметковната стапка за здружување на средства за додаток на деца утврдена за наведените години.

Член 2

Се овластува Службата на општественото книговодство да ја реализира оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 12-990/2
26 јуни 1987 година
Скопје

За претседател,
Македонка Јовиќ, с. р.

198.

Врз основа на член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 30 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ИЗНОСОТ НА ДОДАТОКОТ НА ДЕЦА ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Заради усогласување на износот на додатокот на деца со тековниот пораст на личниот доход, просечниот износ на додатокот на деца утврден за 1987 година се валоризира со 5,6%.

Член 2

Валоризираниот износ на додатокот на деца ќе се исплати во еднократен износ од по 3.000 динари по дете на корисниците кои ќе се стекнат со право на додаток на деца во периодот од 1. 04. до 31. 12. 1987 година.

Член 3

Валоризираниот износ за корисниците кои се стекнале со право на додаток на деца ќе се исплати во месец јули заедно со редовниот износ на додаток на деца, а за оние што ќе се стекнат со право на додаток на деца по донесување на оваа одлука, валоризираниот износ ќе се исплати со првата редовна исплата на додатокот на деца.

Член 4

Исплатата ќе се изврши од редовниот прилив на средствата, а ќе ја спроведат стручните служби на општинските СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 11-934/2
30 јуни 1987 година
Скопје

Претседател,
Павлина Василева, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПАТИШТА

199.

Врз основа на член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ" бр. 15/80) и член 18 од Статутот на Републичката СИЗ за патишта, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта — Скопје, на седницата одржана на 29 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УПОТРЕБА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА ШТО СЕ ПЛАЌААТ ЗА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

1) За моторни и приклучни возила се плаќа надомест за употреба на јавните патишта (во натамошниот текст: патарина) за периодот од 12 месеци и тоа:

1. За товарни возила:

а) за товарни возила (камиони и камионети), за специјални товарни возила и комбинирани возила (комби) наменети за превоз на определени товари, според носивоста и тоа:

— со носивост до 3 тони — 8.011 динари за секој тон носивост;

— со носивост над 3 до 8 тони — 23.955 динари + 10.773 динари за секој тон носивост над 3 тони;

— со носивост над 8 до 10 тони — 77.849 динари + 11.610 за секој тон носивост над 8 тони;

— со носивост над 10 тони 101.070 динари + 13.486 динари ха секој тон носивост над 10 тони.

Ако носивоста на товарното возило не е изразена во цели тони, патаринатa се плаќа за носивост до половина тон — во висина до 50% од износот определен за еден тон, а за носивост над половина до полн тон — во износ определен за цел тон.

б) За товарни трицикли со носивост до 400 кг. — како за мотоциклите наведени во оваа точка под 9 според работната зафатнина на моторот, а за товарните трицикли со носивост над 400 кг + 912 динари.

2. За автобуси, комбибуси и комбинирани возила (комби) за превоз на патници 912 динари за секое патничко седиште, а 50% од овој износ за секое регистрирано место за стоење во овие возила.

3. За работни возила без оглед на носивоста и тежината 2.255 динари за секое возило.

Работни возила во смисла на оваа точка се: противпожарни возила, кинематографски возила, возила за телевизиско снимање, амбулантни возила за радиофлуографско снимање, возила за дезинфекција, возила за чистење на јавни површини, авто дигалки, возила механичарски работилници, возила автомобилски скалила, возила чистачи на снег, возила за превоз на оштетени возила и други возила во оваа смисла.

4. За приклучни возила:

а) За товарни приколки и за специјални товарни приколки наменети за превоз на определени товари според носивоста и тоа:

— носивост до 3 тони — 4.182 динари за секој тон носивост,

— со носивост над 3 до 8 тони — 12.574 динари + 5.906 динари за секој тон носивост над 3 тони,

— со носивост над 8 тони до 10 тони — 42.132 динари + 6.895 динари,

— со носивост над 10 тони — 59.496 динари + 8.745 динари за секој тон носивост — над 10 тони.

Ако носивоста на товарната приколка не е изразена во цели тони патаринатa се плаќа за носивост до половина тон — во висина до 50% од износот определен за еден тон, а за носивост над половина тон — во износ определен за цел тон.

б) За патнички автобуски приколки — 1.343 динари за секое патничко седиште, а 50% од овој износ за секое регистрирано место за стоење.

в) За работни приколки 1.343 динари за секоја приколка без оглед на тежината.

5. За влечни возила:

а) За трактори		динари
— до 18 kW	(25 kS)	1.647
— над 18—29 kW	(25—40 kS)	2.458
— над 29—46 kW	(40—65 kS)	3.295
— над 46 kW	(над 65 kS)	4.081

б) За теглачи со полуприколка до 10 тони носивост како за товарни возила наведени во оваа точка под 1 според носивоста на приколката, а за секој тон носивост на полуприколката над 10 тони по 11.534 динари.

Ако се регистрира само теглач не се плаќа надоместок за употреба на јавните патишта.

6. За специјални возила за превоз на определени лица 2.255 динари за секое возило.

7. За патнички возила според зафатнината на моторот и тоа:

— до 900 см³		3.208
— над 900 до	1350 см³	4.811
— над 1350 до	1800 см³	7.065
— над 1800 до	2500 см³	10.231
— над 2500 до	3150 см³	15.346
— над 3150 см³		22.108

8. Патничките возила од точка 7 кои се преуредени за погон на плин, освен патаринатa од оваа точка, плаќаат годишно и додатни надоместоци во висина од 10.186 динари, а такси возилата 28.653 динари.

9. За мотоцикли според работната зафатнина на моторот и тоа:

— до 125 см³		1.040
— над 125 до	250 см³	1.474
— над 250 до	500 см³	1.863
— над 500 до	1000 см³	2.254
— над 1000 см³		2.643

2) Имателите на моторни возила плаќаат надомест пред поднесување на барањето за регистрација односно продолжување на регистрацијата на возилата и тоа во еднократен износ однапред за 12 месеци, опфаќајќи го и месецот во кој се врши регистрацијата односно продолжувањето на регистрацијата.

3) По исклучок, транспортните организации на здружениот труд можат надоместокот да го плаќаат во рати, секои три месеци однапред, во износ од една четвртина на тој надомест.

Имателот на моторното возило што привремено го регистрира своето возило за време покусо од 12 месеци плаќа сразмерен дел на надоместот за тој временски период.

4) Ако имателот на моторното возило или приклучно возило, возилото го одјави пред истекот на времето за кое платил патарина, може во рок од 3 месеци по одјавувањето да бара враќање на платената патарина сите преостанати цели месеци кај општинскиот орган на управата надлежен за финансии.

5) За отуѓено моторно возило или приклучно возило, за кое е платена патарина по точка 1 на оваа одлука, новиот имател за тоа време не треба да плаќа патарина.

6) Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на висината и начинот на плаќање на надоместоците за користење на јавните патишта што се плаќаат на моторните и приклучните возила („Службен весник на СРМ“ број 47/86).

7) Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 14-2/10-4
29 мај 1987 година
Скопје

Претседавач,
Љубомир Радовиќ, с. р.

200.

Врз основа на член 96 став 2 и член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“ бр. 15/80, 26/80, 28/82 и 13/86) и член 18 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, Собранието на Републичката СИЗ за патишта, на седницата одржана на 29 мај 1987 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВОВЕДУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТ ЗА УПОТРЕБА НА ДЕЛНИЦИТЕ ОД АВТОПАТОТ КУМАНОВО — ТИТОВ ВЕЛЕС

Член 1

За употреба на магистралниот пат број 1 (автопатот) на делниците од Куманово до Титов Велес се воведува плаќање на посебен надомест.

Член 2

Висината на посебниот надомест за употреба на автопатот за моторните возила регистрирани надвор од СФРЈ се определува и тоа:

1. За моторни возила со две осовини и висина до 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

Куманово — Титов Велес	1.000 динари
Куманово — Миладиновци	400 „
Петровец — Титов Велес	600 „

2. За моторни возила со повеќе од две осовини и висина до 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

Куманово — Титов Велес	1.600 динари
Куманово — Миладиновци	600 „
Петровец — Титов Велес	1.000 „

3. За моторни возила со две и три осовини и висина поголема од 1,3 м. (кај предната осовина на влечното возило) за правците:

Куманово — Титов Велес	3.000 динари
Куманово — Миладиновци	1.200 „
Петровец — Титов Велес	1.800 „

4. За моторни возила со повеќе од три осовини и висина поголема од 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

Куманово — Титов Велес	6.000 динари
Куманово — Миладиновци	2.400 „
Петровец — Титов Велес	3.600 „

Член 3

Висината на посебниот надомест, за употреба на автопатот за моторните возила регистрирани во СФРЈ изнесува 50% од висината на надоместот утврден во член 2 од оваа одлука.

Член 4

Имателите на моторните возила регистрирани во СФРЈ можат да извршат претплата за употреба на наведените делници од автопатот на начин и услови што со посебен акт ги утврдува Републичката СИЗ за патишта.

Член 5

Средствата кои се остваруваат со наплата на посебниот надомест се приходи на Републичката СИЗ за патишта и се уплатуваат на посебна сметка во Службата на општественото книговодство.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на магистралниот пат број 1 на делницата од Куманово — Титов Велес („Службен весник на СРМ“ бр. 6/87).

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 14-2/10-3
29 мај 1987 година
Скопје

Претседавач,
Љубомир Радовиќ, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — КИЧЕВО

201.

Врз основа на член 58 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на СРМ“ бр. 13/78) и член 13 став 1 точка 4 од Статутот на Заедницата за вработување — Кичево, Собранието на Заедницата за вработување, на седницата одржана на 30 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — КИЧЕВО ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за висината на стапката на придонесот за вработување на подрачјето на Заедницата за вработување — Кичево за 1987 година, бр.08-922/1 од 29 декември 1986 година („Службен весник на СРМ“ бр. 48/86) во член 1 стапката 0,70% се заменува со стапката 0,80%.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 6 јули 1987 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-526/1
30 јуни 1987 година
Кичево

Претседател,
Симјан Папазоски, с. р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД ВО ДЕБАР

Пред овој суд е заведен спор по тужбата на Суловска Сузана и Суловска Гонце, двете од Дебар, против туженият Суловски Екрем од Дебар, кој се наоѓа во странство со непозната адреса, заради доделување на издршка.

Се повикува туженият во рок од 30 дена да се јави лично во судот или да определи свој полномошник. Во спротивно, судот ќе му одреди законски застапник кој што ќе го застапува по заведениот спор во смисла на член 84 од ЗПП.

Од Општинскиот суд во Дебар, П. бр. 197/87 (100)

Пред Општинскиот суд во Дебар е заведен вонпроцесен предмет по предлогот на Обоку Рамадан од Дебар, против учесниците Обоку Сефер и Обоку Демир, за делба на заеднички имот.

Се повикуваат учесниците Обоку Сефер и Обоку Демир, со непознати адреси во САД, во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да се јават во Општинскиот суд во Дебар, по предметот ВПП. бр. 108/86 за делба на заеднички имот или во тој рок да одредат свој полномошник кој ќе ги штити нивните права и интереси во постапката.

Доколку во определениот рок не се јават, судот ќе им постави привремен старател.

Од Општинскиот суд во Дебар, ВПП. бр. 108/86. (99)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ДЕЛЧЕВО

Општинскиот суд во Делчево објавува дека во оставинската постапка на оставителите Ристовски Величко, порано од с. Тодоровци, заведена под О. бр. 54/80, а за наследникот Ристовски Тодоси, порано живеел во с. Теранци, Кочанско, сега со непозната адреса, како и во врска со оставината на оставителот Димитровски Ампо, порано од с. Звегор, заведена под О. бр. 12/84, за наследничката Димитровска Славка, сега со непозната адреса, во врска со оставината на оставителот Фератов Алија, заведена под О. бр. 6/78, а за наследничките Фератова Шавера и Фератова Рамиза, порано живееле во с. Тработиште, сега со непозната адреса, и во врска со оставината на оставителот Чакалов Јашар, порано од с. Тработиште, заведена под О. бр. 24/80, за наследничката Чакалова Амида, порано живеела во с. Тработиште, сега со непозната адреса, во смисла на член 84 од ЗПП им е поставен привремен застапник на истите во оставинската постапка. За привремен застапник е поставен Благој Андонов, дипломиран правник од Делчево, кој ќе ги застапува наследниците се додека истите или нивни полномошници не се појават пред судот.

Од Општинскиот суд во Делчево. (101)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за физичка делба на недвижен имот, поведена по предлог на лицето Идриз Фејзулаи од с. Челопек, Тетовско, против Мецит Фејзулаи од с. Челопек, сега на привремена работа во Норвешка.

Се повикува противникот Мецит Веби Фејзулаи од с. Челопек, сега на привремена работа во Норвешка да се јави во Општинскиот суд во Тетово, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или во тој рок да одреди свој полномошник. Во спротивно, преку Центарот за социјална работа ќе му биде поставен привремен застапник, којшто ќе го застапува до окончувањето на постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, ВПС. бр. 143/87.

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Ајдари Зендел од с. Ново Село I, против тужената Емине Ајдари, родена Рахмани од Скопје, ул. „Август Цесарец“ бр. 5/6—1, нас. Топаанско Поле.

Се повикува тужената Емине Рахмани — Ајдари од Скопје, во рок од 30 дена да се јави во овој суд, да ја достави нејзината точна адреса или постави свој полномошник. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот на истата ќе и постави привремен старател кој ќе се грижи за нејзините права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 946/87. (103)

РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 222 од 19. II. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-1631-15-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување со следните податоци: Промената на лицето овластено за застапување на ООЗТ Специјално основно училиште „Иднина“,— Скопје, во состав на Работната организација за основно воспитание и образование „Илинден“ О. Сол. О. со ООЗТ — Скопје, на тој начин што наместо досегашниот застапник Марков Јаниш, в. д. директор, се запишува Салтирова Јелица, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 222/87. (109)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Срег. бр. 160 од 13. II. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-98-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената — проширување на дејноста на Заводот за урбанизам и архитектура „Скопје“ — Скопје, ц о., Булевар „Партизански одреди“ бр. 89, општина Карпош, со следните податоци: Се запишува проширувањето на основната дејност со:

— 110404 — инжинеринг

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 160/87. (110)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 75 од 24. II. 1987 година, на регистарска влошка бр. 3-2124-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето под фирма: Самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Чаир, Ц. О., ул. „50 Дивизија“ бр. 6 — Скопје.

Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Чаир, е основана со Самоуправна спогодба за основање на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Чаир, од вкупно 12 основачи.

Основни дејности:

140231 — СИЗ во областа на образованието.

Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Чаир, во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка

Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Чаир, за сторените обврски во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Јован Петровски, секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 75/87. (112)

Врз основа на член 78 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

О Б Ј А В У В А

дека ќе врши избор на еден судија на Окружниот суд — Битола, еден судија на Окружниот стопански суд — Скопје и еден судија на Окружниот стопански суд — Штип

Се повикуваат заинтересираните кандидати, кои ги исполнуваат условите од член 74 од Законот за редовните судови, пријави да поднесат до Собранието на СР Македонија — Комисија за прашања на изборите и именувањата, во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

СОДРЖИНА

Страна

530. Одлука за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — — 505
531. Закон за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на изградба на системот за заштита на Дојранското Езеро — — — — — — 505
532. Измени на Републичкиот буџет за 1987 година — — — — — — — — — — 506
533. Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита на животните — — — — — — — — — — 506
534. Закон за изменување и дополнување на Законот за управување и користење на пасиштата и утрините — — — — — — 507
535. Закон за изменување на Законот за земјоделската инспекција — — — — — — 507
536. Одлука за изменување на Одлуката за составот и за именување претседател и членови на Комисијата за организациони и кадровски прашања на Претседателството на СРМ — — — — — — — — — — 507
537. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за определување на висината и начинот на плаќање на надоместоците за употреба на јавните патишта што се плаќаат за моторни и приклучни возила — 508
538. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на делниците од Автопатот Куманово — Титов Велес — — — — — — — — — — 508
539. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување бројот на судиите во Врховниот суд на Македонија, окружните судови, Стопанскиот суд на Македонија и окружните стопански судови — — — — — — — 508
540. Одлука за определување бројот на судиите во судовите на здружениот труд 508
541. Одлука за утврдување критериуми за определување на бројот на судиите во општинските судови за прекршоци — — — 509
542. Одлука за потврдување на Правилникот за работа на Одборот за доделување на наградата „11 Октомври“ — — — — 509
543. Одлука за дополнување на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија, во 1987 година — — — — 509
544. Одлука за изменување на Одлуката за висината на такси за дозволи и за визи што се издаваат на граничните премини 510
545. Одлука за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — 510
546. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 167/86 од 10 јуни 1987 година — 514
547. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 86/87 од 26 јуни 1987 година — **Објава** на елементи за примена на мерилата за распоредување на чистиот доход во 1987 година — додаток на „Сл. весник на СРМ“ — — — — — — — — — I

Општи акти на самоуправните интересни заедници

196. Одлука за ослободување од плаќање придонес од личен доход за основно образование во Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — 515
197. Одлука за ослободување од обврската за здружување средства за остварување додаток на деца во Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — — 515
198. Одлука за валоризација на износот на додатокот на деца за 1987 година — — 516
199. Одлука за определување на висината и начинот на плаќање на надоместоците за употреба на јавните патишта што се плаќаат за моторни и приклучни возила — 516
200. Одлука за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на делниците од автопатот Куманово — Титов Велес 517
201. Одлука за измена на Одлуката за утврдување на стапката на придонесот за вработување на подрачјето на Заедницата за вработување — Кичево за 1987 година — 518

Службен весник на СРМ располага со следните изданија:

ЗБИРКА НА ЗАКОНИ ОД МЕЃУНАРОДНОТО ПРИВАТНО ПРАВО

— со предговор и со предметен регистар —
Второ изменето и дополнето издание

Цена 2000 динари

ЗАКОН ЗА ЗАШТИТАТА ПРИ РАБОТА И ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУДОТ

Цена 800 динари

ЗАКОН ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА

со објаснувања и со предметен регистар
— Второ изменето и дополнето издание

Цена 1.700 динари

ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО И ВОНПРОЦЕСНАТА ПОСТАПКА

— со објаснувања и судска практика и со регистар на поимите —
Второ изменето и дополнето издание

Цена 1.300 динари

ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Цена 1.250 динари

ЗАКОН ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ И ЗАКОН ЗА СУДОВИТЕ ЗА ПРЕКРШОЦИ

Цена 560 динари

ЗАКОН ЗА ОПШТОНАРОДНАТА ОДБРАНА

Цена 450 динари

ЗБИРКА НА ЗАКОНИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

(сојузен и републички)
Второ изменето и дополнето издание

Цена 1.400 динари

ЗБИРКА НА СУДСКИ ОДЛУКИ 1980—1984 НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА И СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

книга III

Цена 1.500 динари

ОПШТЕСТВЕН ПЛАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

со експозе и со основни индикатори на развојот на СР Македонија за периодот 1986—1990

Цена 500 динари

ДОЛГОРОЧЕН ОПШТЕСТВЕН ПЛАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 2000 ГОДИНА

со основни индикатори на развојот на СР Македонија за периодот од 1986 до 2000 година

Цена 480 динари

Порачки прима СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ — 91000 — Скопје, а уплати се вршат на жиро сметка 40100-603-12498

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228—204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.